16.12.2013 ВЕЖБИ

Нацртај го во тетратката триаголникот ΔABC .

Потоа со помош на два триаголника исшрафирај го триаголникот со отсечки со црвена боја чии крајни точки лежат на AC и BC, а потоа со отсечки со зелена боја кои се нормални на страната AB, а чии крајни точки лежат на AB и AC.



АГЛИ НА ПРЕСЕЧКАТА НА ДВЕ ПРАВИ.

АГЛИ СО ПАРАЛЕЛНИ И АГЛИ СО НОРМАЛНИ КРАЦИ

РАЗМИСЛИ, НАЦРТАЈ И ОДГОВОРИ

- За кои прави велиме дека се паралелни?
- Нацртај две параллени прави .
- Што е пресечница или тарнсверзала на две прави?
- Нацртај пресечница на паралелни прави .
- Со црвена боја означи ги согласните агли.
- Со зелена боја означи го наизменичните агли.
- Со сина боја означи ги спротивните агли.
- Објасни колкави се меѓу себе соглесните, наизменичните и спротивните агли?
- Нацртај паралелни полуправи со иста насока.
- Нацртај паралелни полуправи со спротивна насока.
- Нацртај агли со паралелни краци со иста насока.
- Нацртај агли со паралелни краци со спротивна насока.
- Нацртај агли со паралелни краци со еден пар краци со иста насока, а друг пар краци со спротивна насока.
- Нацртај агли со нормални краци кои се еднакви.
- Нацртај агли со нормални краци кои се суплементни.

РЕШИ ГИ ЗАДАЧИТЕ:

1. Правите *a* и *b* се паралелни и се пресечени со трансверзалата *t*. Определи ги аглите α и β, ако α е за 30° помал од β.



2. Пресметај ги аглите на цртежот ако:

а. α+β+γ=280°



б. AB||CD||EF



3.Еден од двата агли со заемно паралелни краци е 7 пати поголем од другиот. Пресметај ги тие агли.

4.Еден од двата агли со заемно нормални краци е 60% од другиот. Пресметај ги тие агли.